Предлагач: Група пратеници

**П Р Е Д Л О Г   Н А  З А К О Н**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ  ЗА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ,**

**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Скопје, декември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 31. 12. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njes.a. Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6551/1 | | |

ДО

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Пратеници:

Бојан Стојановски

Миле Лефков

Зоранчо Јованчев

Петар Ристески

Билјана Кузмановска

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини уредуваат надлежноста и организацијата на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, начинот на вршење на инспекција при користење на техничката опрема и условите кои треба да ги исполнуваат независните правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, како и начинот на пропишување на техничките прописи за техничка опрема.

Со последното изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор ( „ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 272/24), во членот 2 направена е измена на членот 26 од законот, во насока на усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), односно избришан е ставот (2) од членот, кој уредуваше дека инспекциските служби како органи во состав на министерствата – државни инспекторати за одделни области имаат својство на правно лице.

Оваа измена е во насока на усогласување со Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година, со инспекторатите не се буџетски корисници од прва линија и да бидат органи во состав на министерствата согласно измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024).

Согласно членот 28 точка 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024), Државниот инспекторат за техничка инспекција продолжува да работи како Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Од горенаведеното заради воедначеност и доследна примена на законските решенија кои ја уредуваат оваа област и создавање на правен механизам со кој ќе се овозможи правна сигурност се предлага изменувањето на Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог назакононот за изменување на  Законот за Државен инспекторат за енергетика,  рударство и минерални суровини се заснова врз истите начела врз кои се заснова и Законот за Државен инспекторат за енергетика рударство и минерални суровини.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот за изменување Законот за Државен инспекторат за енергетика,  рударство и минерални суровини не предизвикува фискални импликации врз Републичкиот Буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлог на законот за изменување Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување на Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008, 63/2009, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22 и 147/24), во член 3 ставот 2 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, се усогласува со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во кој инспкеторатите не се буџетски корисници од прва линија туку органи во состав на министерствата согласно измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24). Исто така, со членот 1 се врши усогласување и со последните измени на Законот за инспекциски надзор, со кој е извршено бришење на членот 26 став (2) од постојниот закон, односно е избришана одредбата со која инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата имаат својство на правно лице.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се обезбедат усогласени одредби на Законот односно ќе се обезбеди воедначеност и доследна примена со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) и Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 272/24).

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ

ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Член 3**

Работите на инспекцискиот надзор на техничка опрема ги врши Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини (во натамошниот текст: министерство), преку државни инспектори за енергетика, рударство и минерални суровини.

Инспекторатот има својство на правно лице, има своја буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.